Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

ноември 2012 година
Штип

Број 92, 15 ноември 2012 година

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ / АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ / ПОЛЕ СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на својата седница одржана на 20.8.2012 година донесе Одлука бр. 2502-167/111 за распишување Конкурс за избор на ***помлад асистент/асистент (еден извршител)*** за научната област / поле ***стоматологија*** на Факултетот за медицински науки. На 21.9.2012 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-186/154 и Решение број 2502-186/164,165,166 за формирање на Рецензентска комисија за помлад асистент/асистент за научната област / поле стоматологија на Факултетот за медицински науки, во следниов состав:

- доц. д-р Цена Димова, доцент, научна област / поле стоматологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- доц. д-р Ивона Ковачевска, доцент, научна област / поле стоматологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- доц. д-р Стипица Поповски, доцент, научна област / поле стоматологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 25.8.2012 година.

Врз основа на пријавата и доставенета документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 25.8.2012 година се пријавија дваесет и пет кандидати и тоа:

1. д-р Наташа Денковска, невработена, од Штип;
2. д-р Дијана Шуменковска, вработена во ПЗУ „Шуменковски" – Струга;
3. д-р Михаил Петровски, вработен во ПЗУ „Перла-Бленд"- Скопје;
4. д-р Иван Нацевски, вработен во ПЗУ „Д-р Марјан Денковски" – Куманово;
5. д-р Стефан Алексовски, невработен, од Скопје;
6. д-р Игор Илиев, невработен, од Штип;
7. д-р Тамара Баара, невработена, од Штип;
8. д-р Билјана Пановска, невработена, од Велес;
9. д-р Емилија Рамбабова, наставник во СОУ „Јане Сандански" – Штип;
10. д-р Татјана Танева, невработена, од Штип;
11. д-р Горан Зафиров, невработен, од Штип;
12. д-р Катица Василева, невработена, од Штип;
13. д-р Моника Петковска, невработена, од Куманово;
14. д-р Катерина Фотева, невработена, од Штип;
15. д-р Ана Белазелковска, невработена, од Скопје;
16. д-р Атанас Павлески, невработен, од Скопје;
17. д-р Александар Трајковски, вработен во ПЗУ „Д-р Александар Трајковски" – Скопје;
18. д-р Ирена Стојановска, невработена, од Скопје;
19. д-р Татјана Величковска, невработена, од Куманово;
20. д-р Дона Малковска, невработена, од Битола;
21. д-р Елена Чучкова, вработена во ПЗУ „Петкови", Скопје;
22. д-р Јана Баевска, невработена, од Скопје;
23. д-р Јулијана Ангеловска, невработена, од Скопје;

24. д-р Ели Андонова, вработена во ПСО „Мисвак дент“, Скопје;
25. д-р Татјана Стојмановска, невработена.

***Биографски податоци и научно-стручна дејност за д-р Наташа Денковска***

**Д-р Наташа Денкова** е родена на 1 јули 1988 година во Штип. Средно образование завршува во средното медицинско училиште „Јане Сандански" во Штип, отсек Медицинска сестра/техничар. Во 2006 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а истиот го завршува во 2011 година, со среден успех 8,93, здобивајќи се со титулата дипломиран доктор по стоматологија.

Веднаш по завршувањето на додипломските студии истата година се запишува на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2011 година ги завршува предвидените испити од вториот циклус на студии со среден успех од 9,71. На 5 јули 2012 година го одбрани својот магистерски труд „*Компаративна студија за поврзаноста на социјално-економскиот статус, оралната хигиена и денталниот морбидите кај деца од 15-годишна возраст*" од областа на детска и превентивна стоматологија и се здоби со титулата магистер по стоматолошки науки.

Активно се служи со англискиот јазик.

Поседува одлично познавање на работа со компјутери, користејќи ги апликативни програми од групата на Microsoft office (Word, Excel, Power Point).

Во текот на студирањето активно учествува на студентските конгреси и семинари.

***Биографски податоци за д-р Дијана Шуменковска***

**Д-р Дијана Шуменкоска** е родена на 16 февруари 1987 година во Охрид. Дипломира на 7 март 2003 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со средна оценка 8.72, со што се стекнува со стручниот назив дипломиран доктор на стоматологија.

Веднаш по завршувањето на додипломските студии истата година се запишува на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2011 година ги завршува предвидените испити од вториот циклус на студии со среден успех од 10,00. Во 2011 година го одбрани својот магистерски труд под наслов „*Нов пристап во конзервативниот третман на пародонталната болест*“ и се здоби со титулата магистер по стоматолошки науки од областа на пародонтологија.

Моментално работи како стоматолог во ПЗУ „Шуменковски“ во Струга.

Активно се служи со англиски и со албански јазик.

Поседува одлично познавање на работа со компјутери, користејќи ги апликативни програми од групата на Microsoft office (Word, Excel, Power Point).

Д-р Дијана Шуменковска како студент е активно вклучена во работата на Сојузот на студенти на стоматологија.

Во текот на студирањето има активно учество на студентските конгреси и семинари.

1. Царчева Д., Шуменковска Д. Рентгенските снимки како помошно средство во дијагностицирањето на апроксималните кариозни лезии. 14-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија (апстракт), Охрид, 2007.
2. Шуменковска Д., Костадинова М. Академски испитен стрес и саливарни протеини. 15-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија (апстракт), Охрид, 2008.
3. Шуменковска Д. Лоши навики и нивно влијание врз дентофацијалните структури. 16-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија (апстракт), Струга, 2009.

Во 2011 година од страна на CEO Curaden International AG е сертифициран iTOP едукатор на основно ниво.

***Список на научно-стручни трудови на д-р Дијана Шуменковска доставени за рецензија:***

1. Ивановски К., Дирјанска К., Шуменковска Д., Костадинова М., Филипче В. Академски испитен стрес и саливарни протеини. Македонски стоматолошки преглед, 2009; (3-4); 113-118.
2. Поп Стефанова- Трпоска М., Шуменковска Д. Лоши навики и нивно влијание врз дентофацијалните структури. Македонски стоматолошки преглед, 2009; (3-4); 191-197.
3. Шуменковска Д. Сознанијата на студентите по стоматологија за ХИВ. 17-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија (апстракт), Охрид, 2010.
4. Shumenkovska D, Kostadinova M, Ivanovski K, Dirjanska K. Influence of the academic (exam related) stress on the qualitative characteristics of saliva. Second International Scientific Congress of BgDSA "Science and Art in Prosthetics and Endodontics" (Abstract Book), Sofia, 2010.
5. Шуменковска Д. Ивановски К. Пешевска С. Дирјанска К. Лазовски Б. Костов М. Full Mouth Treatment – нов пристап во конзервативниот третман на пародонталната болест. 6-ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (апстракт), Охрид, 2012.
6. Лазовски Б. Јанкуловска М. Спасеска Л. Павлеска М. Шуменковска Д. Костов М. Биокомпатибилност на нанокомпозитни полнења. 6-ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (апстракт), Охрид, 2012.
7. Костов М. Ивановски К. Исјановска Р. Коколански В. Лазовски Б. Шуменковска Д. Знаењата на студентската популација за сексуално преносливи болести (СПБ) по орален пат. 6-ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество (апстракт), Охрид, 2012.

***Биографски податоци и научно-стручна дејност за д-р Михајло Петровски***

**Д-р Михајло Петровски** е роден на 1 октомври 1984 година во Скопје, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се запишува во 2003/2004 година, а дипломира во октомври 2008 година со средна оценка 9,31 и 300 кредити, со што се стекнува со стручен назив дипломиран доктор на стоматологија.

Активно се служи со англискиот јазик, а има познавања од францускиот јазик.

Поседува одлично познавање на работа со компјутери, користејќи ги апликативни програми од групата на Microsoft office (Word, Excel, Power Point) и активно се служи со Интернет.

По дипломирањето и по задолжителниот стручен стаж, д-р Михајло Петровски во 2009 година го положува стручниот испит и се здобива со лиценца за самостојна стоматолошка дејност. Д-р Михајло Петровски од 2008 година е хонорарен надворешен стручен соработник и комерцијален презентер на реномораната компанија за стоматолошки препарати за одржување на орална хигена CURAPROX□ во Швајцарија. Моментално работи како матичен стоматолог во ПЗУ „Перла-Бленд" во Скопје.

Како студент, д-р Михајло Петровски присуствува на XIV и XV Меѓународен научен конгрес на студенти по стоматологија, во 2007 и 2008 година, и тоа со темата „Епидемиолошка анкета за состојбата на оралното здравје кај возрасната популација на територијата на Република Македонија" (Книга на апстракти , 15. Меѓународен конгрес на студентите по стоматологија, Охрид, 29-31 мај 2008).

Како стипендист на Европскиот форум од Алпбах активно учества на следниве меѓународни семинари: Trust and confidence in medicine, Alpbach, Austria, 2009 и Europian forum in Alpbach, Austria, 2009, со темата под наслов „Правата и должностите на лекарот наспроти правата и должностите на пациентите".

Член е на Стоматолошката комора на Македонија од 2009 година.

***Список на објавени научно-стручни трудови на д-р Михајло Петровски доставени за рецензија:***

1. Поповска М, Петровски М , Атанасовска-Стојановска А, Антовска З, Крвните дискразии и промени на оралната лигавица. Македонски стоматолошки преглед 2008; (1-2) 70-82.
2. Пандилова М., Ивановски К., Петровски М., Оптимално орално здравје и возрасната популација на територијата на Република Македонија. Македонски стоматолошки преглед. 2009; 1-2 108-112.
3. Petrovski M. Intrapulpal anesthesia-how and why we use it? //www.iads-web.org/m.petrovski/intrapulpal-anesthesia-how-and-why-we-use-it //2009. Онлајн издание.
4. Popovska M., Petrovski M.,Atanasovska-Stojanovska A., Antovska Z., Dzurcevski J., Oral findings in anemias, Balk J Stom, 2010 ; 14: 145-148.
5. Petrovski M, Popovska M. Oral findings in anemias. $15^{th}$ Congress of the Balkan Stomatological , BASS, (Abs.) Thesaloniki, 2010: 30.

***Биографски податоци и научно-стручна дејност за д-р Иван Нацевски***

**Д-р Иван Нацевски** е роден на 4 декември 1985 година во Куманово. Средно образование завршува во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје, дентална медицина при Медицинскиот универзитет во Пловдив, Бугарија. Дипломира во 5 ноември 2010 година на истиот Факултет, со средна оценка 4,90 (по шестобалниот систем на оценување). Покрај петгодишна теоретско-практична подготовка во текот на студирањето на студиите по дентална медицина, д-р Иван Нацев по завршувањето на едногодишниот стаж полагал уште шест испити пропишани според Програмата за стручен испит со средна оценка од 4,83 во Бугарија, со што се стекнува со стручниот назив дипломиран доктор на дентална медицина и по ЕКТС своето образованието го заокружува со средна оценка „В", приложено во документацијата од додатокот на дипломата (diploma supplement).

Дипломата доктор на стоматологија, стекната во странство, му е признаена и нострифицирана во Р.Македонија од страна на Министерството за образование и наука на 3 јуни 2011 година.

Активно се служи со англискиот, бугарскиот и српскиот јазик, а исто така се служи и со словенечки и со рускиот јазик.

Поседува одлично познавање на работа со компјутери, користејќи ги апликативни програми од групата на Microsoft office (Word, Excel, Power Point) Adobe Reader, AutoCAD.

Член е на Стоматолошката комора на Македонија од 2012 година.

***Биографски податоци за д-р Стефан Алексовски***

**Д-р Стефан Алексовски** е роден на 28 април 1988 година во Скопје. Средно образование завршува во 2006 година во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје, Отсек за забен техничар. Дипломира во јуни 2011 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со средна оценка 8,27, со што се стекнува со стручниот назив дипломиран доктор на стоматологија.

Активно се служи со англискиот јазик.

Активно учествува на следниве студентски научни собири (за кои нема доставено уредна документација):

1. 22-ти Конгрес на ISTH, Boston, Massachusetts, USA, 2009. „Третман на пациенти со орална антикоагулантна терапија и екстракција на заби";
2. 17-ти Меѓународен конгрес на студенти по стоматологија, Охрид, РМ, 2010. „Клинички алтернативи на конзервативен третман при ороантрални комуникации".
3. 18-ти Меѓународен конгрес на студенти по стоматологија, Охрид, РМ, 2011. „Причини за екстракција на трајни заби".

***Научен труд на д-р Стефан Алексовски доставен за рецензија***

**Anastasovski S.,** Anastasovska L., Gosic V., Frangov M., Dojcinoski A., Dejanova V., Nikoloska I., Neceva V., Apostolovska R. Patients treated with oral anticoagulant therapy and dental extraction**.** *Journal of Thrombosis and Haemostasis 2009*; Volume 7, Suplemment 2, Abstract- PC 028.

***Биографски податоци за д-р Игор Илиев***

**Д-р Игор Илиев** е роден на 9 декември 1983 година во Штип. Основно и средно заботехничко образование завршува во Штип. Дипломира на 29 април 2009 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со средна оценка 8,23, со што се стекнува со стручен назив дипломиран доктор на стоматологија.

Активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Игор Илиев има познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point).

Д-р Игор Илиев е невработен. Во биографијата посочува дека е студент на втор циклус на студии на Стоматолошки факултет во Скопје, но во доставената документација нема приложено потврда за тоа. Исто така, д-р Игор Илиев нема приложено документација за учество на научно-стручни собири и симпозиуми од обласа на стоматологијата.

***Биографски податоци за д-р Тамара Баара***

**Д-р Тамара Баара** е родена на 3 февруари 1988 година во Штип. Средно заботехничко образование завршува во 2006 година во ОСМУ „Никола Штејн" - Тетово. Дипломира во 2011 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со средна оценка 8,21, со што се стекнува со стручниот назив дипломиран доктор на стоматологија.

Веднаш по завршувањето на додипломските студии истата година се запишува на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2011 година ги завршува предвидените испити од вториот циклус на студии со среден успех од 10,00.

Активно се служи со англискиот и германскиот јазик.

Поседува одлично познавање на работа со компјутери, користејќи ги апликативни програми од групата на Microsoft office (Word, Exцel, Power Point).

Во текот на студирањето присуствувала на 8th European Dental Students Association Congress in Bucharest, Romania, 10-14 March, 2010, а имала активно учество на следните студентските конгреси и семинари:

1. Баара Т., Ивановски Ѓ., Сотировска-Ивковска А.: Унапредување на оралното здравје кај децата преку одредување на ризикот за настанување на кариес. 17-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија. Охрид, 4-6 јуни 2010.
2. Ивановски Ѓ., Баара Т., Перковска М.: Орална хигиена кај пациенти со фиксни ортодонтски апарати. 17-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија. Охрид, 4-6 јуни 2010.
3. Ivanovski G, Baara T, Panov V, Popovska L. Marginal adaptation in preparation restored withopen sandwich technique. 51 Kongres studenata biomedicinskih nauka Srbije sa internacionalnim ucescem. Ohrid, 23-27 април , 2010.
4. Баара Т., Ивановски Ѓ., Пеева-Петреска М.: Спроводна анестезија на предните и средните гранки на горновиличниот плексус – вистина или заблуда? 18-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија. Охрид, 20-22 мај 2011.
5. Ивановски Ѓ., Баара Т., Ставрева Н.: Лабијалниот френулум како фактор при изработка на тотални протези - приказ на случај. 18-ти Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија. Охрид,20-22 мај, 2011.
6. Baara T, Ivanovski G. Improvement of oral health in children by determining the caries risk assessment. 6th International Medical Students Congres in Novi Sad, 14-17 juli, 2011.
7. Ivanovski G, Baara T. Margina; adaptation of composite restorations polymerized with different curing units. 6th International Medical Students Congres in Novi Sad, 14-17 juli, 2011.

Д-р Тамара Баара присуствала на 6-ти Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 24-27 мај 2012, каде што активно партиципирала во работата на следниве едукативни курсеви и работилници: Едукативен курс за работа со високофреквентен ласер Laser HF и I Top Индивидуален пристап во одржувањето на оралната хигиена – нов пристап, при што се стекнала со сертификати за работа со високофреквентен ласер и сертификат за iTop индивидуален пристап во одржувањето на орална хигиена-нов пристап.

***Кандидати кои не ја доставиле потебната документација се следниве:***

1. д-р Билјана Пановска (нема доставено уверение за познавање на јазик и потврда за државјанство);
2. д-р Моника Петковска (нема доставено потврда за државјанство);
3. д-р Дона Малковска (нема доставено потврда за државјанство и уверение за познавање на јазик);
4. д-р Александар Трајковски (нема доставено потврда за познавање на јазик);
5. д-р Јана Баевска (нема доставено потврда за државјанство);
6. д-р Татјана Стојменовска (нема доставено диплома, потврда за државјанство и уверение за познавање на јазик);
7. д-р Ана Белазелковска (нема доставено диплома за завршен факултет, а потребните документи не се заверени на нотар).

Кандидати кои имаат среден просек на положени испити **понизок од 8.00** се следниве: д-р Јулијана Зафировска-Ангеловска (7.94), д-р Горан Зафиров, (7.17), д-р Катица Василева (7.88), д-р Катерина Фотева (7.64), д-р Атанас Павлески (7.89), д-р Татјана Танева (7,42).

Според Правилникот за единствени критериуми за избор наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, и тоа според чл. 16 од Правилникот, став еден, цитирам: За помлад асистент може да биде избрано лице кое завршило академски студии од прв циклус со просечна оценка од студиите 8.00 (осум), **не подоцна од 10 години од завршеното средно образование**), не ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање следниве кандидати: д-р Ели Андонова (2000 - 2006 година), д-р Јана Баевска (2001-2008 година), д-р Татјана Величковска (1995-2001 година), д-р Ирена Стојановска (1992-1999 година), д-р Александар Трајковски (1998-2005 година) д-р Емилија Рамбабова (дипломирала во 2003 година), д-р Елена Чучкова (2000 – 2006 година).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата го констатира следново: д-р Наташа Денковска, невработена од Штип, Дијана Шуменковска, вработена во ПЗУ „Шуменковски" – Струга, д-р Михаил Петровски, вработен во ПЗУ „Перла-Бленд" - Скопје, д-р Иван Нацевски, вработен во ПЗУ „Д-р Марјан Денковски" - Куманово, д-р Стефан Алексовски, невработен од Скопје, д-р Игор Илиев, невработен од Штип, д-р Тамара Баара, невработена од Штип, **ги исполнуваат општите условите за соработничко звање помлад асистент.**

Според Законот за работни односи и услови наведени во Правилникот за единствените критериуми за избор на наставни, наставно-научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, чл. 16 од Правилникот, Комисијата заклучи дека **д-р Наташа Денковска, д-р Дијана Шуменковска, д-р Михаил Петровски, д-р Иван Нацевски, д-р Стефан Алексовски, д-р Игор Илиев, д-р Тамара Баара** ги исполнуваат сите законски и други услови за избор на помлад асистент на Факултетот за медицински науки од научната област / поле *стоматологијата* при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Според Законот за работни односи и услови наведени во Правилникот за единствени критериуми за избор наставни, наставно-научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, според чл. 16 од Правилникот, кандидите**: д-р Билјана Пановска, д-р Моника Петковска, д-р Дона Малковска, д-р Александар Трајковски, д-р Јана Баевска, д-р Татјана Стојменовска, д-р Ана Белазелковска, д-р Јулијана Зафировска Ангеловска, д-р Горан Зафиров, д-р Катица Василева, д-р Катерина Фотева, д-р Атанас Павлески, д-р Татјана Танева, д-р Ели Андонова, д-р Татјана Величковска, д-р Ирена Стојановска, д-р Емилија Рамбабова и д-р Елена Чучкова** не ги исполнуваат критериумите за избор во соработничко звање помлад асистент од научната област / поле Стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **кандидатката д-р Наташа Денковска да ја избере во соработничко звање *помлад асистент* за научната област / поле стоматологија** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Цена Димова, с.р.**
**Доц. д-р Ивона Ковачевска, с.р.**
**Доц. д-р Стипица Поповски, с.р.**